## КАКО ДА ЈА ПРОВЕРИТЕ СОСТОЈБАТА НА ВАШАТА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА?



Изберете ја опцијата “Извештај за состојба”.



Доколку имате две сметки (денарска и девизна), на екранот на банкоматот ќе добиете состојба за двете сметки. Со притискање на копчето покрај опцијата “Не“, ја завршувате Вашата трансакција и картичката ќе Ви биде вратена.

За дополнителни информации може да се јавите во нашиот контакт-центар:

**(02) 3 296 800**

или да ја посетите веб страницата на Банката

**www.kb.com.mk**

# ПРЕСКОКНЕТЕ ГО РЕДОТ

# КОРИСТЕТЕ БАНКОМАТ!




комерцијална банка ад скопје

www.kb.com.mk

На банкоматите на Комерцијална банка АД Скопје може да ја проверите состојбата на Вашата платежна картичка, како и да подигнете готовина од истата.

**Банкоматот е едноставен за користење.**



Картичката се внесува во читачот за картички со црната лента од долу и од десно.



На екранот се појавува мени каде што е потребно да го изберете јазикот со кој ќе се служите за време на работата со банкоматот.
Со притискање на копчето покрај екранот потврдувате кој јазик сте го избрале.



Со притискање на копчињата од тастатурата која се наоѓа под екранот, треба да го внесете Вашиот ПИН (Персонален Број за Идентификација).



На екранот ќе се појават опциите за избор на типот на трансакција:

- исплата во готово;
- извештај за состојба и
- брза исплата.

# *КАКО ДА ПОДИГНЕТЕ ГОТОВИНА ?*

## Исплата во готово



За исплата на готовина, притиснете го копчето “Исплата во готово”.



На екранот се појавува инструкција да го внесете саканиот износ. Откако ќе го внесете износот, направете потврда на износот со притискање на копчето.

## Брза исплата



За брза исплата на готовина, притиснете го копчето “Брза исплата”.



Со притискање на соодветното копче го одбирате саканиот износ.



Без разлика дали сте ја избрале опцијата “Исплата во готово” или, пак, “Брза исплата”, на екранот ќе се појави прашањето “Дали сакате печатена потврда?”. Доколку сакате печатена потврда, притиснете го копчето “Притиснете ако е да”. Потоа банкоматот ќе започне со реализација на Вашата трансакција.



Ако исплатата е одобрена, картичката ќе Ви биде вратена.



Почекајте банкоматот да Ви го исплати бараниот износ.



Земете ја Вашата печатена потврда.